## ИЗЛОЖБИ

# ПРОДУХОВЕН ПРОСТОР

● (ИЗЛОЖБА НА ТАПИСЕРИИ ОД ШИЛА ХИКС ВО МСУ ВО СКОПЈЕ)

Кај нас е посебна реткост да се организираат изложби на дела од применетата уметност, особено на странски уметници. Затоа треба да се поздрави иницијативата на Музејот на современата уметност од Скопје да ја претстави пред скопската ликовна публика истакнатата американска тапесеристка **Шила Хикс** со триесетина нејзини тапесерии, што ги има изработено во последниве неколку години.

Во последно време тапесеријата сè повеќе се афирмира како уметничка гранка, враќајќи ја одново својата стара слава, но истовремено, благодарејќи на усовршените производни средства, добива масовен карактер и станува можеби најбаран експонат на разни публични места и во домовите. **Во тој голем замав на тапесериската продукција, природно, од професионалните тапесеристи се бара максимално издвојување, сосем оригинално творештво, што често ги преминува и границите на класичните сфаќања за уметничката тапесерија. Во тој бран на нови истражувања во областа на тапесеријата можеме да ја класифицираме и Шила Хикс.**

Прва карактеристика на нејзиниот творечки потход е доближувањето на тапесеријата до еден друг уметнички род, до скулптурата, до уметноста на третата димензија. На тој начин се укинува традиционалниот пристап и гледање на ѕидната тапесерија, нејзиното примање само како секојдневен декоративен објект, само како покривање на ѕидната површина, како, да речеме, со тапети или со молерски пласт. **На тапесеријата веќе ѝ се вткајува една друга димензија, една уметничка, духовна содржина, која ја откргнува од ѕидот, во зависност од идејата, ја става дури и на подот. Впрочем, ѝ овозможува да биде гледана и забележувана од разни аспекти и со разни сфаќања.**

Во таа смисла, тапесеријата на Шила Хикс наоѓа свое експозиционо место не само на ѕидот (залепена), туку и по столбовите, во вид на „необработени конци", што како ластари, како џиновски висулки доаѓаат од плафонот, или, како што рековме, лежат на подот, покривајќи една соодветна површина, изразувајќи секогаш извесна човечка идеја или просторна топлина и соодветност со амбиентот. Од друга страна, Шила Хикс на ѕид ги издигнува килимите („Молитвени килими").

**Мошне интересно се замислени нејзините варијации и тема в р а т а, во разни бои (зелена, портокалова, виолетова), создавајќи илузија во гледањето и сфаќањето на просторот, изразувајќи ја идејата за продуховеност и очовечување на човечката околина, на која сè повеќе ѝ претстои опасност од студенилото на урбанизираниот и технизицираниот живот.** Шила Хикс создава (водена од слична идеја) прекрасна метафора во тапесеријата „Паѓа снег", каде што белите конци густо висат од основата. Со богати визуелни асоцијации и метафори се исполнети скоро сите нејзини тапесерии, поттикнати од изненадувачки поетски идеи, што се гледа и од насловите (**„Проголтај една маслинка", „Треска од портакал", „Топол леб", „Тапесерија на ветрот" итн.**).

**Паскал ГИЛЕВСКИ**